Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 29.12.2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување Програма за работа на Советот на Општина Кратово во 2018 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Програма за работа на Советот на Општина Кратово во 2018 година бр.09-1736/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 27.12.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 1772/1
29.12.2017 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 27.12.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КРАТОВО ВО 2018 ГОДИНА**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово усвојува Програма за работа на Советот на општина Кратово во 2018 година.

Програмата е во прилог и е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 1736/1
27.12.2017 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 15 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на ден 27.12.2017 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за работа на Советот на општина Кратово во 2018 година

### I. ВОВЕДЕН ДЕЛ

Според Законот за локалната самоуправа, Статутот на општината и Деловникот за работа на советот, на Советот на општина Кратово е предвидена обврска да донесе Програма за работа на Советот за тековната година според која што Советот ќе работи и ќе ги насочува своите активности за тековната година.

Советот на општината определувајќи ги насоките по кои ќе работи во текот на 2018 година, а со цел да создаде услови за остварување на својата функција, ја донесува Програмата за работа за 2018 година.

Советот на општината во рамките на своите надлежности може да организира и посебни седници посветени на тековните прашања и одговори на прашањата поставени од советниците до Градоначалникот и службите на општинската администрација.

Бројот на таквите седници ќе зависи од актуелните проблеми и прашањата за кои што ќе има интерес да бидат поставени.

Програмата за работа на Советот може во текот на годината да биде изменувана и надополнувана при што секое надополнување и обогатување ќе биде во функција на нејзиното поквалитетно и квантитетно остварување.

### II. ПОСЕБЕН ДЕЛ

**(конкретни точки, временски период за нивно донесување и изготвувачи и предлагачи на истите)**

- Советот на општина Кратово ќе одржува седници секој месец, а најмалку 12 (дванаесет) во текот на годината;

***Јануари-Февруари-Март***

- Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за четвртиот квартал од 2017 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Извештај за работата на одделението за финансиски прашања вклучувајќи информација за облогот и наплатата на општинските даноци и такси за 2017 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Одлука за висината на благајничкиот максимум за 2018 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Годишна, завршна сметка на буџетот на општина Кратово за 2017 година и Годишен извештај за 2017 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Одлуки за поддршка на проекти за аплицирање кај домашни и меѓународни институции-Поединечните одлуки ќе бидат изготвени и предложени откако ќе бидат објавени повиците за аплицирање со поединечни проекти-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Годишна, завршна сметка на ООУ "Кочо Рацин"-Кратово за 2017 година;
- Предлог-Годишна, завршна сметка на СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово за 2017 година;
- Предлог-Годишна, завршна сметка на ЈОУДГ "Царка Андреевска"-Кратово за 2017 година;
- Предлог-Годишна, завршна сметка на ОУ "Музеј на град Кратово"-Кратово за 2017 година;
- Предлог-Годишна, завршна сметка на ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов"-Кратово за 2017 година;
- Годишна сметка со финансов извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на ЈП "Кратово" од Кратово за 2017 година - Предлагач: ЈП за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово;

- Годишен извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализираните активности предвидени со програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура во општина Кратово за 2017 година; Предлагач: ЈП за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово и Одделение за урбанизам, комунални работи, ЗЖС и ЛЕР;
- Годишен Извештај за реализираните активности од Програмата за уредување и одржување на градските гробишта во Кратово за 2017 година - Предлагач: ЈП за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово;
- Одлуки по предметите за легализација на дивоградбите а за кои е потребно да се донесат одлуки од советот; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Изработка на Детални урбанистички планови за кои ќе има потреба за донесување во овој период- Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Информација за состојбата со снабдувањето со огревно дрво на населението од Општина Кратово-Изготвувач "Македонски шуми"-Кратово;
- Спроведување на постапка објектот "Партизан"-Поранешна "Соколана" да се даде во сопственост на општината како истиот би се реновирал и адаптирал во објект во интерес на граѓаните на општината;
- Годишен извештај за јавната безбедност на подрачјето на општина Кратово за 2017 година-Изготвувач: Полициска станица од општа надлежност-Кратово;
- Предлог-Годишен извештај за реализираната програма за активностите на Општина Кратово во областа на културата за 2017 година; Предлагач-Градоначалник; Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Годишен извештај за реализираната програма за поддршка на спортски активности во општина Кратово за 2017 година; Предлагач-Градоначалник; Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Годишен извештај за реализираната програма за социјална и здравствена заштита за 2017 година во општина Кратово; Градоначалник; Одделение за финансиски прашања;
- Годишен извештај за работата на Центар за социјални работа- Кратово за 2017 година-Изготвувач: Центар за социјална работа - Кратово;
- Програма за прослава на 24-ти февруари "Св.Ѓорѓи Кратовски"-Изготвувач: Одбор за прослава на 24-февруари "Св. Ѓорѓи Кратовски";
- Локален акционен план за родова рамноправност во општина Кратово-Изготвувач и Предлагач: Комисија и Координатор за еднакви можности на жените и мажите.

***April-Maj-Juni***

- Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за првиот квартал од 2018 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Буџетски календар на општина Кратово за 2018 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Одлуки за подршка на проекти за аплицирање по објавени повици. Поединечните одлуки ќе бидат изготвени и предложени откако ќе бидат објавени повиците за аплицирање со поединечни проекти-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Квартален извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Квартален извештај за реализираните активности предвидени со програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура во општина Кратово за првиот квартал од 2018 година; Предлагач: ЈП за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово и Одделение за урбанизам, комунални работи, ЗЖС и ЛЕР;
- Одлуки по предметите за легализација на дивоградбите а за кои е потребно да се донесат одлуки од советот; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;

- Изработка на Детални урбанистички планови за кои ќе има потреба за донесување во овој период- Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Предлог-Одлука за давање согласност за формирање и работа на паралелки со помал број на ученици во ООУ "Кочо Рацин"-Кратово за учебната 2018/2019 година;
- Предлог-Одлука за давање согласност за формирање и работа на паралелки со помал број на ученици во СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово за учебната 2018/2019 година;

***Јули-Август-Септември***

- Предлог-Одлуки за подршка на проекти за аплицирање по објавени повици. Поединечните одлуки ќе бидат изготвени и предложени откако ќе бидат објавени повиците за аплицирање со поединечни проекти-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за вториот квартал од 2018 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Квартален извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Квартален извештај за реализираните активности предвидени со програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура во општина Кратово за вториот квартал од 2018 година; Предлагач: ЈП за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово и Одделение за урбанизам, комунални работи, ЗЖС и ЛЕР;
- Одлуки по предметите за легализација на дивоградбите а за кои е потребно да се донесат одлуки од советот; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Изработка на Детални урбанистички планови за кои ќе има потреба задонесување во овој период- Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Извештај за работа на Полициска станица од општа надлежност-Кратово за првата половина од 2018 година-Изготвувач: Командир на Полициска станица од општа надлежност Кратово;
- Полугодишен извештај за работа на Територијалната противпожарна единица Кратово за 2018 година-Изготвувач: Командир на Територијалната противпожарна единица Кратово;
- Програма за одбележување на денот на ослободувањето на Кратово 6-ти Септември;
- Годишен извештај за работата на ООУ "Кочо Рацин" - Кратово за учебната 2017/2018 година-Изготвувач: ООУ "Кочо Рацин"-Кратово;
- Годишен извештај за работата на СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово за учебната 2017/2018 година-Изготвувач: СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово;
- Годишен извештај за работата на ЈОУДГ-Детска градинка "Царка Андреевска" - Кратово за 2017/2018 година - Изготвувач: ЈОУДГ-Детска градинка"Царка Андреевска" - Кратово ;
- Годишна програма за работата на ООУ "Кочо Рацин"- Кратово за учебната 2018/2019 година-Изготвувач: ООУ "Кочо Рацин"-Кратово;
- Отворен ден за посета на ученици од ООУ "Кочо Рацин"-Кратово на Градоначалникот и Советот на општина Кратово, а како дел од Програмата за работа на ООУ "Кочо Рацин" - Кратово;
- Годишна програма за работата на СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово за учебната 2018/2019 година-Изготвувач: СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово;
- Годишна програма за работата на ЈОУДГ-Детска градинка"Царка Андреевска" - Кратово за работната 2018/2019 година-Изготвувач: ЈОУДГ-Детска градинка"Царка Андреевска" - Кратово.
- Организација на културна манифестација "Златни денови Кратово 2018".

*Октомври-Ноември-Декември*

- Предлог-Одлуки за подршка на проекти за аплицирање по објавени повици. Поединечните одлуки ќе бидат изготвени и предложени откако ќе бидат објавени повиците за аплицирање со поединечни проекти-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Програма за работа на Советот на општина Кратово за 2019 година-Предлагач: Комисија за изработка на предлог-програма за работа на Советот;
- Годишен план за вработување во Општина Кратово за 2019 година;
- Годишен план за вработување во ООУ "Кочо Рацин Кратово"-Кратово за 2019 година;-Изготвувач: ООУ "Кочо Рацин Кратово";
- Годишен план за вработување во СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово за 2019 година;-Изготвувач: СОУ "Митко Пенџуклиски";
- Годишен план за вработување во ЈОУДГ "Царка Андреевска"-Кратово за 2019 година;-Изготвувач: ЈОУДГ "Царка Андреевска";
- Годишен план за вработување во ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов"-Кратово за 2019 година;-Изготвувач: ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов";
- Годишен план за вработување во ОУ "Музеј на град Кратово"-Кратово за 2019 година;-Изготвувач: ОУ "Музеј на град Кратово";
- Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за третиот квартал од 2018 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Планови на Програмите за развој на општина Кратово-Предлагач; Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Одлуки по предметите за легализација на дивоградбите а за кои е потребно да се донесат одлуки од советот; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Изработка на Детални урбанистички планови за кои ќе има потреба за донесување во овој период- Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Квартален извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Квартален извештај за реализираните активности предвидени со програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура во општина Кратово за третиот квартал од 2018 година; Предлагач: ЈП за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово и Одделение за урбанизам, комунални работи, ЗЖС и ЛЕР;
- Предлог-Годишна програма со Предлог-одлука за усвојување на Годишна програма за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација на територијата на општина Кратово за 2019 година; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Годишен извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализација на Годишната програма за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација на територијата на општина Кратово за 2018 година; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Предлог-Програма со Предлог--Одлука за усвојување на Програма за одржување на јавната чистота на територијата на општина Кратово- Предлагачи: Инспектор за комунални работи и заштита на животната средина во Одделението за инспекциски работи, Одделението за урбанизам, комунални работи, ЗЖС и ЛЕР и ЈП "Кратово" од Кратово;
- Годишен извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа на комуналната инспекција во општина Кратово за 2018 година; -Предлагач: Инспектор за комунални работи при Одделението за инспекциски работи;
- Програма со Предлог-Одлука за усвојување на Програма за работа на комуналната инспекција во општина Кратово за 2019 година; Предлагач: Инспектор за комунални работи при Одделението за инспекциски работи;

- Годишен извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Годишен извештај на градежно-урбанистичката инспекција во општина Кратово за 2018 година; Предлагач: Инспектор за градежништво при Одделението за инспекциски работи;
- Програма со Предлог-Одлука за усвојување на Програма за работа на градежно-урбанистичката инспекција во општина Кратово за 2019 година; Предлагач: Инспектор за градежништво при Одделението за инспекциски работи;
- Годишен извештај со Предлог-Решение за усвојување на Годишен извештај за работа на Јавната општинска установа Дом на културата "Лазар Софијанов" - Кратово за 2018 година; Предлагач: Дом на културата "Лазар Софијанов" - Кратово;
- Годишен извештај со Предлог-Решение за усвојување на Годишен извештај за работа на Општинска установа "Музеј на град Кратово"- Кратово за 2018 година; Предлагач: ОУ "Музеј на град Кратово"-Кратово;
- Годишна програма со Предлог-Решение за усвојување на Годишна програма за работа и развој на ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов" - Кратово за 2019 година-Изготвувач: ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов" - Кратово;
- Годишна програма со Предлог-Решение за усвојување на Годишна програма за работа на ОУ "Музеј на град Кратово"-Кратово за 2019 година Предлагач - Изготвувач: ОУ "Музеј на град Кратово"-Кратово;
- Предлог-Програма за активностите на Општина Кратово во областа на културата за 2019 година; Предлагач-Градоначалник; Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Одлука за давање согласност за формирање и работа на воспитни групи со поголем број на деца во Јавната општинска установа-Детска градинка "Царка Андреевска"-Кратово за 2019 година;
- Предлог-Програма за поддршка на спортски активности во општина Кратово за 2019 година; Предлагач-Градоначалник; Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Програма за социјална и здравстена заштита за 2019 година во општина Кратово; Предлагачи: Центар За социјални работи Кратово; Здравствен дом Кратово, Комисија за јавни дејности и установи;
- Информација за облогот и наплатата на општинските даноци и такси за 10 месеци од 2018 година-Изготвувач: Одделение за финансиски прашања;
- Нацрт-Буџет на општина Кратово за 2019 година - Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Буџет на општина Кратово за 2019 година - Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на општина Кратово за 2019 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Одлука за утврдување на вредност на бодот на државните службеници во Општина Кратово Предлагач-Градоначалник-Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Одлука за спроведување на Попис на средствата и изворите на средствата во Општина Кратово;
- Предлог Програма со Предлог-Одлука за усвојување на Програма за уредување на градежно, изградба и одржување на комунална инфраструктура во општина Кратово за 2019 година-Предлагачи: ЈП за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово и Одделение за урбанизам, комунални работи, ЗЖС и ЛЕР;
- Предлог-Програма за работа на ЈП "Кратово"-Кратово за 2019 година;
- Предлог-Програма за уредување и одржување на градските гробишта во Општина Кратово за 2019 година-Предлагач: ЈП за комунални дејности и инфраструктура "Кратово".
- Годишен извештај за работа на Територијалната противпожарна единица Кратово за 2018 година-Изготвувач: Командир на Територијалната противпожарна единица Кратово;
- Организација на културна манифестација "Пастрамајкијада";
- Организација на културна манифестација "Компиријада".

## III. НОРМАТИВЕН ДЕЛ

Нормативниот дел од Програмата за работа на Советот на општина Кратово ја регулира нормативната дејност на Советот во 2018 година, односно донесувањето на нормативните акти од негова страна и нивно усогласување со новите прописи кои се донесени или што ќе бидат донесени во 2018 година.

## IV. ЗАВРШЕН ДЕЛ

Со Програмата се нуди можноста да членовите на Советот и неговите работни тела дадат свој придонес во збогатувањето на програмата со содржини кои не се опфатени со истата, а се од надлежност на Советот и кои не се предвидени со овој предлог на Програмата.

За извршување на Програмата се задолжуваат изготвувачите, предлагачите и сите останати учесници да се придржуваат кон обврските определени со програмата и роковите кои што се утврдени во истата.

Во текот на 2018 година Советот на општина Кратово ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат од тековното работење, а секое изменување и дополнување на оваа програма ќе биде во функција на обогатување и подобрување на квалитетот на истата, а со тоа и на самото работење на Советот на општина Кратово во 2018 година.

Програмата ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-1736/2 **Претседател**
27.12.2017 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 29.12.2017 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Буџет на Општина Кратово за 2018 година**

**1.Се објавува: Буџет на Општина Кратово за 2018 година бр.09-1737/1,** донесен од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 27.12.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 1773/1 **Градоначалник**
29.12.2017 г. **на Општина Кратово**
Кратово Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011 и 192/2015), а во врска со член 34 од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр.64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 5/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015 и 167/2016) Советот на општина Кратово на 6-тата седница оддржана на 27..12.2017 година донесе:

# Б У Џ Е Т

## на Општина Кратово за 2018 година

### 1. Општ дел

**Член 1**

Буџетот на Општината КРАТОВО за 2018 година, се состои од:

| | |
|---|---|
| **I.ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **198.478.737** |
| Даночни приходи | 12.145.000 |
| Неданочни приходи | 8.250.000 |
| Капитални приходи | 3.328.000 |
| Приходи од дотации | 86.850.457 |
| Приходи од трансфери | 75.495.800 |
| Приходи од донации | 12.409.800 |
| **II. ВКУПНИ РАСХОДИ** | **198.478.737** |
| Од утврдени намени | 198.278.737 |
| Расходи од резерви | 200.000 |
| **III. ДЕФИЦИТ** | **0** |
| **IV. ФИНАНСИРАЊЕ** | **0** |
| **Прилив** | **0** |
| Домашни задолжувања | 0 |
| Странски заеми | 0 |
| **Одлив** | |
| Отплата на главница | 0 |

**Член 2**

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следува:

**Член 3**

Буџетот на Општината Кратово за 2018 година влегува во сила со денот на објавување во "Службен Гласник на општина Кратово", а ќе се применува од 01 Јануари 2018 година.

Бр.09-1737/2 **Претседател**
27.12.2017 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 29.12.2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Кратово за 2018 година**

**1.Се објавува: Одлука за извршување на Буџетот на Општина Кратово за 2018 година бр.09-1738/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 27.12.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 1774/1 **Градоначалник**
29.12.2017 г. **на Општина Кратово**
Кратово Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011 и 192/2015), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на шестата седница одржана на 27.12.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за извршување на Буџетот на Општина Кратово за 2018 година**

**Член 1**

Буџетот на општина Кратово за 2018 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на општината се состои од: Основен буџет; Буџет на самофинансирачки активности; Буџет на донации, Буџет на дотации и Буџет на кредити.

**Член 3**

Основниот буџет на општината се состои од Општ дел, Посебен дел и Развоен дел.

Градоначалникот на општината подготвува предлог на план на програми за развој усогласен со насоките од Циркуларот и истиот го доставува на одобрување до Советот на општината најдоцна до 15 Ноември во тековната година.

**Член 4**

Корисниците на средствата од Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 5**

Расходите утврдени со буџетот се максималните износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да може да се преземат нови обврски од буџетските корисници, до Советот на општина Кратово мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 6**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Доколку во текот на извршувањето на буџетот Градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапуваат од планот, предлага на Советот на општината измени и дополнувања на буџетот на општината.

Советот на општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до 15 Ноември во тековната година.

**Член 7**

Буџетските корисници во тековната фискална година можат да вршат прераспределба во рамките на одобрениот буџет, а таа прераспределба со Одлука ја одобрува Советот на општината.

Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од 20 % со Одлука за прераспределба во тековната фискална година, како и одобрените средства за плати и надоместоци во рамките на буџетот не може да се зголемат со Одлука за прераспределба повеќе од 10 %.

**Член 8**

Буџетските корисници во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности, буџетот на донации или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат, односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во буџетот, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на усвојување.

**Член 9**

Градоначалникот на општината во секој случај кога очекуваните приходи и други приливи на основниот буџет се реализираат на повисоко ниво од планот може да изврши дополнителни отплати на главнината и каматата на долгот. Доколку Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни распределби на одобрените средства во буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапуваат од планот, предлага до Советот на општината измена и надополнување на буџетот.

**Член 10**

Буџетските корисници по усвојувањето на Буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства.

Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 11**

Исплатата на платата на Градоначалникот на општината ќе се врши согласно со чл.11 од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на РМ и другите избрани и именувани лица во Републиката ("Службен весник на СРМ" бр.36/90 и "Службен весник на РМ" бр.38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10/ 161/10, 11/12, 145/12, 170/13 и 139/14) со примена на коефициент 2,90 и основица во износ од 26.755,оо (дваесет и шест илјади седумстотини педесет и пет) денари.

Исплатата на платите на вработените ќе се врши согласно Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2017 година донесена од Советот на Општина Кратово.

Исплатата на платите на вработените кои немаат статус на државни службеници (помошни технички лица) ќе се изврши во рамките на обезбедените средства во буџетот и согласно Законот за работни односи и Законот за административни службеници, а вредноста на бодот се утврдува на ниво на 71,71 денар, а

за вработените во Територијалната противпожарна единица Кратово се утврдува вредност на бодот на ниво од 31,80 денари.

**Член 12**

Надоместок за дневница за службено патување во Републиката без трошоците за ноќевање изнесува 500,оо (петстотини) денари.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува полна (цела) дневница.

За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50 % од утврдениот износ во ставот еден од овој член, а за останатите исплати по основ на патни и дневни трошоци ќе се применува регулативата пропишана со Законот за извршување на републичкиот буџет.

**Член 13**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, на вработениот во општината му се исплатува парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен.

**Член 14**

Во случај на заминување во пензија на вработениот во општината му се исплатува двократен износ од просечната исплатена месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

**Член 15**

Во случај на смрт на вработениот во администрацијата на општината, на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од 30.000,оо (триесет илјади) денари.

На вработениот во општината, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување) доколку живеел во заедница со нив, му се исплаќа парична помош во износ од 15.000,оо (петнаесет илјади) денари по семејство.

Живеењето во заедница подразбира вработениот во општината и членот на потесното семејство да се со место на живеење на иста адреса што се докажува со документ за идентификација (лична карта или пасош и потврда за заедничко семејно домаќинство издадена од општината или месната заедница).

Надоместоците од ставовите 1 и 2 на овој член од Одлуката се исплатуваат по претходно доставено и одобрено барање во тековната, односно во наредната година.

**Член 16**

Сите исплати на претходно наведените надоместоци се вршат врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од Градоначалникот на општината, со кое што се констатира исполнувањето на условот за исплата на овој вид на надоместок.

**Член 17**

Помошта во вид на социјален надоместок на барателите им се исплатува согласно Одлуката на Советот на општината донесена за оваа намена со решение на Градоначалникот на општината, во рамките на обезбедените средства, а по предлог на комисијата формирана за таа цел.

**Член 18**

На вработените во општината може да им се исплати надомест за користење на годишен одмор доколку за оваа намена се обезбедени средства во буџетот за тековната година во висина од најмногу до 60% од просечната месечна нето плата по работник во РМ објавена до денот на исплатата.

Исплатата на надоместокот од ставот 1 на овој член ќе се врши со решение донесено од Градоначалникот на општината.

**Член 19**

За присаство на членовите на Советот на седница на Советот се исплаќа месечен надоместок без оглед на нејзиното времетраење во процентуален износ од 50 % (педесет) проценти од просечната месечна нето плата во РМ исплатена во претходната година во кој што износ влегува и редовното присаство на членовите на Советот на

седниците на работните тела (комисии и одбори) на Советот и присаство при склучувањето на бракови на овластените советници.

На Претседателот на Советот за раководење и организирање на работата на Советот надоместокот од ставот еден на овој член му се зголемува за 30 % (триесет) проценти.

Месечниот надоместок за присаство на седниците на Советот се исплатува за присаство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присаство на седниците на Советот се намалува за 30% (триесет) проценти за секое одсуство од седница на Советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува, доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во месецот.

Месечниот надоместок за присаство на седниците на Советот не се исплатува доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 20**

На членовите на Советот на општина Кратово и на вработените во општинската администрација им се исплатуваат надоместоци за патни и дневни трошоци, за службени патувања во странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во администрацијата на Република Македонија и Уредбата за издатоци за службени патувања и селидби во странство, трошоци што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци ("Службен весник на РМ" бр.50/00, 64/01, 110/08, 52/10, 12/12, 5/13, 1/14 и 90/14).

**Член 21**

За присаство на членовите на Советот на седниците на работните тела (комисии и одбори), на Советот не им се исплаќа надоместок бидејќи истиот е вкалкулиран во месечниот надоместок за член на Советот, а надоместок во износ од 600,оо (шестотини) денари им се исплаќа само на членовите на работните тела (комисии и одбори) на Советот кои се надворешни лица и не се членови на Советот на општина Кратово.

**Член 22**

Користењето на средствата од Буџетот на општината за извршување на функциите на буџетските корисници се врши со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во денарска противвредност од 6.000,оо (шест илјади) денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот трошок.

**Член 23**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојаната и тековната буџетска резерва), одлучува Советот на општината а ги извршува Градоначалникот. За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користењето на средствата од резервите до износ најмногу до 50.000,00 денари одлучува Градоначалникот.

**Член 24**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми или подпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 25**

Буџетските корисници се одговорни за извршување на расходите и другите одливи во согласност со одобрените средства.

Буџетските корисници се должни одобрените средства да ги користат наменски во согласност со пропишаните процедури.

Секој расход и одлив од буџетот мора да се заснова на вродостојна сметководствена документација со која се докажува обврската за плаќање.

**Член 26**

Општината може да вработува нови работници и да пополнува испразнети работни места, да вработува работници на определено време и да склучува договори за отстапување на работници под услов за тоа да се обезбедени средства во Буџетот на општината и по претходно дадено позитивно мислење на актот за систематизација од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 27**

Во случај на нови вработувања буџетските корисници од локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации од општинскиот буџет се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства од Буџетот на РМ и да приложат М-1 образец.

**Член 28**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 29**

Буџетот на општината се извршува од 01.01.2018 до 31.12.2018 година.

**Член 30**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово", а ќе се применува од 01.01.2018 година.

Бр.09-1738/1 — **Претседател**
27.12.2017 г. — **на Советот на општина Кратово**
Кратово — Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 29.12.2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2018 година**

**1.Се објавува: Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2018 година бр.09-1739/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 27.12.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 1775/1 — **Градоначалник**
29.12.2017 г. — **на Општина Кратово**
Кратово — Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15 и 5/16), член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 27.12.2017 година, донесе

## О Д Л У К А

**за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2018 година**

**Член 1**

Со Одлуката се утврдува вредноста на бодот за платите на државните службеници во Општина Кратово за 2018 година.

Вредноста на бодот за платите на државните службеници во Општина Кратово за 2018 година изнесува 76,80 денари.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово", а ќе се применува со исплата на платата за Јануари 2018 година.

Бр.09-1739/1 **Претседател**
27.12.2017 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 29.12.2017 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за сопствено учество во Проект: Реконструкција - Обновување на улица "Св. Ѓорѓи Кратовски" Општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за сопствено учество во Проект: Реконструкција - Обновување на улица "Св. Ѓорѓи Кратовски" Општина Кратово бр.09-1740/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 27.12.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 1776/1 **Градоначалник**
29.12.2017 г. **на Општина Кратово**
Кратово Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Закон за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 15 од Статут на општина Кратово, ("Службен Гласник на општина Кратово" бр: 6/2006), Советот на општина Кратово на 6 -ата седница одржана на ден 27.12.2017 година, донесе.

**О Д Л У К А**

**за сопствено учество во Проект: Реконструкција - Обновување на улица "Св. Ѓорѓи Кратовски" Општина Кратово**

**Член 1**

За успешна реализација на проектот: **Реконструкција – Обновување на улица "Св. Ѓорѓи Кратовски", општина Кратово**, по програмите за Регионален Развој на Министерството за локална самоуправа (Бирото за регионален развој) за 2018 г, Општина Кратово ќе обезбеди сопствено учество, како партнер на Центарот за развој на Североисточен плански регион - Куманово.

**Член 2**

Сопствено учество од буџетот на општина Кратово за 2018 година кое ќе биде обезбедено на жиро сметката Центарот за развој на североисточен плански регион по потпишување на Договор за реализација на проектот изнесува 800.000,00 (осумсто илјади денари).

**Член 3**

Предвидените средства од точка 2 од оваа Одлука, Буџетот на општина Кратово ќе ги ефектуира во време кога ќе се обезбедат можности за реализирање на проектот, односно кога проектот ќе биде одобрен.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово",

Бр.09-1740/1
27.12.2017 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 29.12.2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за отстапување на вршење на работите на собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен и инертен отпад на ЈП "Кратово" Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за отстапување на вршење на работите на собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен и инертен отпад на ЈП "Кратово" Кратово бр.09-1741/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 27.12.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 1777/1
29.12.2017 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр:5/02), член 5 точка 7 и член 9 точка 2 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на РМ„ бр: 95/12), и член 15 и 20 од Статутот на општина Кратово („Службен Гласник на општина Кратово„ бр:6/2006), Советот на Општина Кратово на седницата одржана на ден 27.12.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за отстапување на вршење на работите на собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен и инертен отпад на ЈП "Кратово" Кратово**

1. Со Одлуката се отстапува вршењето на работите на собирање и транспортирање на комунален отпад на ЈП„Кратово„-Кратово и тоа од јавни површини во градското подрачје и селските населби.
2. Собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен и инертен отпад подразбира собирање, селектирање, транспортирање и депонирање на уредени депонии и ќе се врши според изготвен план од страна на ЈП „Кратово„ односно приложен список на улици по категории и подрачја, временска рамка на опфат, како и опфатеност на селските населби.
3. Средствата собрани од вршењето на работите на собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен и инертен отпад ќе ги наплатува ЈП „Кратово„ од кои 30% од месечно наплатениот износ ќе префрла на сметка на општината, најдоцна до петти во месецот за претходниот месец, а подетално ќе биде дефинирано во договорот.
4. Се овластува Градоначалникот на општина Кратово да склучува и раскинува менаџерски договори со Директорите на ЈП „Кратово„ Кратово, во кои детално ќе бидат дефинирани правата и обврските на двете договорни страни
5. Одлуката влегува во сила на 01.01.2018 година, односно по изминувањето на Договорот за концесија со претходниот концесионер бр: 08-995/8 од 31.12.2013 г, а ќе се објави во „Службен Гласник„ на општина Кратово.

Бр.09-1741/1
27.12.2017 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 29.12.2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на ЈП "Кратово" - Кратово за 2018 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Програма за работа на ЈП "Кратово" - Кратово за 2018 година бр.09-1742/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 27.12.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 1778/1 **Градоначалник**
29.12.2017 г. **на Општина Кратово**
Кратово Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 27.12.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Програма за работа на ЈП "Кратово"-Кратово за 2018 година**

**I.** Со Одлуката Советот на општина Кратово ја усвојува Програмата за работа на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово за 2018 година усвоена со Одлука на Управниот одбор на Јавното претпријатие бр.02-510/1 од 24.11.2017 година.

**II.** Програмата е во прилог и е составен дел на оваа одлука.

**III.** Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-1742/1 **Претседател**
27.12.2017 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 29.12.2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на овластениот комунален инспектор во 2018 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на овластениот комунален инспектор во 2018 година бр.09-1743/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 27.12.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 1779/1 **Градоначалник**
29.12.2017 г. **на Општина Кратово**
Кратово Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и точка 12, член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 27.12.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Годишна програма за работа на овластениот комунален инспектор во 2018 година**

**I.** Со Одлуката Советот на општина Кратово ја усвојува Годишната програма за работа на овластениот комунален инспектор при ЕЛС Кратово во 2018 година.

**II.** Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-1743/1
27.12.2017 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 29.12.2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на овластениот градежен инспектор во 2018 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на овластениот градежен инспектор во 2018 година бр.09-1744/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 27.12.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 1780/1
29.12.2017 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 1, 4 и 12, член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 27.12.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Годишна програма за работа на овластениот градежен инспектор во 2018 година**

**I.** Со Одлуката Советот на општина Кратово ја усвојува Годишната програма за работа на овластениот градежен инспектор при ЕЛС Кратово во 2018 година.

**II.** Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-1744/1 **Претседател**
27.12.2017 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 29.12.2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Програма за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура во Општина Кратово за 2018 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Програма за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура во Општина Кратово за 2018 година бр.09-1745/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 27.12.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 1781/1 **Градоначалник**
29.12.2017 г. **на Општина Кратово**
Кратово Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точки 1 и 4, член 36 став 1 точка 6 и 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 94, 95, 96 и 97 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 27.12.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Програма за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура во Општина Кратово за 2018 година**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово усвојува Програма за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура во Општина Кратово за 2018 година.

**Член 2**

Програмата е во прилог и е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-1745/1 **Претседател**
27.12.2017 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точки 1 и 4, член 36 став 1 точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 94, 95, 96 и 97 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 27.12.2017 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура во Општина Кратово за 2018 година**

Уредувањето на градежно земјиште во смисла на овој закон е изградба на објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна, фекална и атмсоферска канализација и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Планирањето, проектирањето и изведувањето на инфраструктурата се врши според урбанистичките планови, урбанистичко-планска документација или проект за инфраструктура утврдени со закон.

Уредувањето на градежното земјиште може да биде целосно или делумно.

Согласно член 94,95,96 и 97 од Законот за градежно земјиште (Сл. Весник на РМ, бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16) , со Програмата за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура во општина Кратово за 2018 г. се опфаќаат два дела, и тоа:
Општ и Посебен дел.

1. **Општиот дел од Програмата опфаќа:**

- Простор кој е предмет на уредувањето;
- Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на

основната и секундарната инфраструктура

- Начин на пресметување на корисната површина за плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште;
- Пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште;
- Извори на средства за уредување на градежно земјиште;

**2. Посебниот дел од Програмата опфаќа:**

- Изградба на улици во градот и општината;
- Изградба на тротоари;
- Расчистување на диви депонии;
- Улично осветлување;
- Санација, реконструкција на културно-историски споменици во градот и другите населени места во општината;
- Изградба на водоводи, реконструкција на стари водоводи, проширување на филтер станици во општината и изградба на нова филтер станица;
- Изградба и реконструкција на фекална канализација во градот и други населени места во општината;
- Изградба и одржување на локални патишта во општината;
- Изградба и уредување на игралишта за спортски активности во општината;
- Изработка на проекти-техничка документација за изградба на комунална инфраструктура; и
- Изградба на други комунални објекти за кои ќе се укаже потреба во текот на годината.

Оваа програма има за цел да ги предвиде и усогласи потребите на комуналното уредување на градежното земјиште во согласност со потребите на станбената и друга изградба и претставува дел од нејзината конкретна реализација.

При определување на просторот-подрачјата за уредување се тежи да се продолжи континуитетот на градба од претходните години, да се утврдат приоритетните активности за развој на градот и општината и да се обезбедат услови за изградба на видот на објектите.

Уредувањето на градежното земјиште се финансира од средства остварени од надоместоци за уредување на градежно земјиште, согласно Одлуката на Советот на општината донесена за таа цел, од средства од наплата на комунални такси, од Буџетот на Републиката (Републички институции), Буџетот на општината, донации од странство и НВО, како и од други извори на средства кои што можат да се обезбедат во текот на 2018 година.

Подготвувањето и опремувањето на земјиштето со комунална инфраструктура ќе се врши во рамките на расположивите средства и степенот на уреденоста, сообразно со техничките услови и можности. Притоа ќе се води сметка да се обезбеди нормално функционирање на изградените објекти, а целосно уредување на земјиштето ќе се врши постапно кога за тоа ќе се создадат материјални и технички услови.

Средствата што ќе се остваруваат со оваа Програма ќе се реализираат преку општина Кратово или Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово како овластено општинско Јавно претпријатие формирано за таа цел.

Покрај реализација на преземените и дефинираните задачи и обврски со оваа Програма, во неа ќе бидат вградени и евентуални други задачи доколку има потреба за нивна ургентна реализација во текот на 2018 година, а за кои ќе се почитува мислењето на Градоначалникот на општината и одлуките на Советот кои што ќе наложат решавање на неопходни потреби од итен карактер.

# 1. ОПШТ ДЕЛ

## 1.1 ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕТО

Како градежно земјиште во смисла на оваа програма а во согласност со член 4 од Законот за градежно земјиште се смета изградено и неизградено градежно земјиште на подрачјето на град Кратово, а кое влегува во

градежен реон предвидено за изградба според Генералниот урбанистички план и Деталниот урбанистички план на град Кратово, како и урбанистичко-планската документација на општина Кратово.

### 1.2 ОБЕМ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНА ИНФРАСТРУКТУРА

Во 2018 година уредувањето и опремувањето на градежното земјиште со Програмата ќе бидат опфатени локации на територијата на општина Кратово,согласно урбанистичките планови и урбанистичко-планската документација, како и објектите кои ќе бидат легализирани согласно Закон за постапување со бесправно изградени објекти.

Под обем на уредување и степен на опременост на градежно земјиште се подразбира:

- Изготвување и донесување на урбанистички планови и урбанистичко планска документација со основни решенија за инфраструктурата;
- Изготвување на детален сообраќаен план;
- Оформување на геодетска документација;
- Решавање на имотно-правните работи;
- Рушење на објекти и пренесување на отпадни материјали од урнатините до означеното место за тоа (одредена депонија);
- Отстранување и пренесување на постојните комунални инсталации што сметаат при изградба на објектите;
- Санациони работи (рамнење на земјиштето, насипување, одводнување, осигурување од лизгање, расчистување на депонии од земја и други санациони работи);
- Уреди и инсталации за одведување на атмосверски води;
- Изградба на водоводна мрежа каде што има потреба за тоа;
- Изградба на фекална-канализациона мрежа каде што не е изградена;
- Изградба на улици и тротоари;
- Изградба на улични хидранти за противпожарна заштита;
- Уреди и инсталации за регулирање на сообраќајот во градот (обележување на улиците, обновување на сообраќајни знаци и сл.).

Инвеститорите со свои средства на своја сметка го изведуваат потребното уредување на земјиштето спрема урбанистичкиот план и неговите потреби, приодите кон објектите на улицата, како и приклучувањето на објектите од приклучните мрежи на секундарната мрежа според хидротехничките услови.

### 1.3. НАЧИН НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА КОРИСНАТА ПОВРШИНА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Висината на трошоците за уредување на градежно земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Сл.весник на РМ„ бр.93/11, 65/12, 75/12, 98/12, 133/13 , 155/13 и 96/14), се пресметува по метар квадратен на новата корисна површина што ќе се гради, што преставува збир на нето површините на подовите на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножен со следните коефициенти:

**1.За станбени објекти:**
-станбени простории, 1,0;
-станбени простории со висина до 2,50м, подпокривен простор 0,2;
-лоѓија затворена од три страни, 0,4;
-подлогија затворена од две страни, 0,3;
-балкони, тераси, 0,2;
-заеднички проодни тераси, пасажи, 0,2;
-помошни простории , остава за гориво, котлара, визба, 0,3;
-трафостаница до 35 кв во објектот и надвор од објектот, 0,3;
-скалишен простор и заеднички комуникации, 0,3;

-стражарница, управител, простории за-сите простории, 0,5
одмор, 0,5; и
-паркиралишта и гаражи, 0,1;

**2.За деловни и јавни објекти**
-простории, 1,0;
-магацини, 0,5;
-помошни простории, остава за гориво, котлара, 0,3;
-трафостаница до 35 кв во објектот и надвор од објектот, 0,4;
-скалишен простор и заеднички комуникации, 0,5;
-паркиралишта и гаражи, 0,1;
-лоѓија затворена од три страни, 0,5;
-подлогија затворена од две страни, 0,4;
-балкони, тераси, 0,3;
-отворен наткриен простор, 0,3;
**3.За други објекти**
-катни гаражи, 0,05;
-спортски покриени објекти, 0,5;
-спортски откриени објекти, 0,3;
-гасни станици и базни станици за 50% од површината на локацијата, 1,0;
-отворени пазаришта за 30% од површината на локацијата, 1,0;
-базени, 0,2; и
-трафостаници над 35 кв, 1,0;
**4.За објекти од група на класи на намена Г – производство, дистрибуција и сервиси:**
-Г1 тешка и загадувачка индустрија, 0,05;
-Г2 лесна и незагадувачка индустрија, 0,05;
-Г3 сервиси, 0,05;
-Г4 стоваришта, 0,05;
**5.За бензинска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории):**
-продажни простории на бензинските пумпни станици 1,0 ; и
-услужни простории на бензинските пумпни станици 1,0;
**6.За објектите од група на класи на намени Б5-угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта, и за објектите од група на класи на намени А4-хотел, мотел, планинарски дом и ловен дом:**
-сите простории, 0,05;
**7. За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица:**
-сите простории, 0,05
**8. За објекти за високо образование:**

**9.Во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација, не се пресметуваат површините на :**
-инсталационите калали;
-окната на лифтови;
-окна на врати;
-отворени паркиралишта;
-подземни резервоари;
-објекти заштитени како културно наследство;
**10.**За објектите со висина над 32 ката, висината на трошоците за уредување на градежно земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект.

Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина и за другите објекти без оглед на нивната височина, кои се наоѓаат на истата градежна парцела на која е предвидена изградба на објект со височина над 32 ката.
**11.**За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина, согласно заверениот основен проект и анекс на основен проект.
**12.** За објектите од група на класи на намени Г-производство, дистрибуција и сервиси, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште неможе да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Македонија за последна година, помножена со коефициентите опишани во точка 1.3, под точка 4.
**13.**Доколку со изградбата на објекти предвидено е отстранување на постоечки објекти запишани во имотен лист кои се наоѓаат на истата градежна парцела, при пресметувањето на висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотен лист на постоечките објекти кои ќе се отстранат со изградбата на новите објекти.

Во случаите од точка 1.3. под точка 13 површините на под покривен простор, логија, подлогија, балкони, тераси, заеднички проодни

тераси, пасажи, помошни простории, лифтови, скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи на постоечкие објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот кој е со иста намена со намената на површините на наведените простории и делови од објектот.

**14.** За линиски инфраструктурни објекти-државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонски ниво од и над 35 КВ како и за брани со акумулации, термоцентрали, езерски и речни пристаништа, не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште.

### 1.4. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Пресметување на трошоците за уредување на на градежното земјиште не зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште изнесува:

**1.**индивидуална станбена изградба ..................................... 600,00 ден. за 1 м2;
**2.**колективна станбена изградба ................................. 600,00 ден. за 1 м2;
**3.**деловни, јавни и производни објект ...................................... 1.300,00 ден. за 1 м2;
**4.**пренамена од станбен во деловен простор ................................. 700,00 ден. за 1 м2;
**5.**Висината на надоместок за населени места за кои е донесена урбанистичка планска документација, надоместокот за уредување на градежното земјиште независно од степенот на уреденост на градежното земјиште за изградба на деловни, производствени објекти, тешка и незагадувачка индустрија, лесна и незагадувачка индустрија, сервиси и стоваришта изнесува .............................................. 400,00 ден. за 1 м2;
**6.**Кога општината Кратово иинституциите кои се во нејзина надлежност се јавуваат како подносител, односно инвеститор на барањето за добивање на одобрение за градење не се пресметува надоместок за уредување на градежно земјиште.
**7.**Надоместокот ќе се плаќа за површина предвидена со заверен основен проект,а пресметувањето на површината за која се наплата на надоместок за уредување на градежно земјиште, го врши Одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и лер при Општина Кратово.
**8.**Надоместокот за уредување на градежното земјиште за доградба или надградба во склоп на постоечките објекти кои се во согласност со постоечките урбанистички планови ќе изнесува исто колку и изградба на нов објект.
**9.**Доколку со изградбата на објекти предвидено е одстранување на постоечки објекти запишани во имотен лист кои се наоѓаат на истата градежна парцела при пресметувањето на трошоците за уредување на градежно земјиште од новата корисна површина се одбива површината утврдена со имотен лист на постоечките објекти кои ќе се одстранат со изградбата на новите објекти.
**10.**Трошоците за приклучок на водоводната, канализационата и електричната мрежа, согласности, такси и сл.паѓаат на товар на инвеститорот на објектот.
**11.**Трошоците за дворно уредување,пристапни патеки,потпорни зидови,дворно зеленило и шахти во парцелата паѓаат на терет на инвеститорите на објектот.

### 1.5 ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Основни извори на средства за уредување на градежно земјиште во општината се:

- Учество на инвеститорите за изградба на индивидуални станбени згради, колективни станбени згради, дуќани, гаражи, помошни простории, доградби, надградби, реконструкција и друго (платени комуналии);
- Средства од Републички органи и институции;
- Средства од странски донатори и НВО;
- Средства од Буџетот на општината, од средства добиени по основ на бесправно изградени објекти (легализација);
- Средства од други извори (кредити и др.).

## 2. ПОСЕБЕН ДЕЛ

### 2.1 ИЗГРАДБА НА УЛИЦИ ВО ГРАДОТ И ОПШТИНАТА

Во текот на 2018 година ќе се продолжи со изградба на улици во градот и другите населени места во општината, завршување на започнатите улици од претходната година, реконструкција на улици од стариот дел на градот и изградба на улици во другите населени места во општината.

Во текот на годината се планира да се изградат следните улици во градот:

- Уредување на паркинг простор кај здравствен дом *Кратово*;
- Реконструкција на улица *Вера Јоциќ*;
- Реконструкција на улица *Свети Ѓорѓи Кратовски*;
- Изградба на крак од улица *Планинска* - м.в.* Лешки* до *Мусала*;
- Изградба на улици во населба *Мусала* (испод мусала);
- Изградба на дел од улица *Скопска*;
- Изградба на крак на улица* 6-ти Септември* до улица * 25-ти Април*;
- Поправка и санација на дел од улицата *Иван Андреев*;
- Изградба на улицата *Кочо Рацин*со изградба на потпорен зид;
- Изградба на улички во *Царина* (нова населба);
- Поправка и санација на улицата *Јове Гичев* во должина од 25 м ширина 1,5 м;
- Изградба на улица од резервоар *Мусала*до м.в. *Лешки*;
- Изградба на улица која ќе ги поврзува *Царина маала* со *Зорле маала*;
- Изградба на улица *Ѓорѓи Какашевски* крак за млачки пат;
- Определување и уредување на локација за сточен пазар;
- Уредување на просторот (сред село) во Месна заедница с. Железница;
- Поставување на ракохвати на пострмните улици во градот;
- Реконструкција и уредување на стари улици во градот и асфалтирање на улици во месните заедници во општината;
- Поврзување на ул*Атанас Бабата*со ул*Гоце Делчев*;
- Преуредување на коцка на улица*Јосиф Даскалов*.

### 2.2 ИЗГРАДБА НА ТРОТОАРИ

Во текот на 2018 година се планирааат да бидат изградени тротоарите во градот , и тоа:

- Тротоарот на улицата „Гоце Делчев„ од Ветеринарната станица со спојот со тротоарите на истата улица каде веќе се изградени;
- Изградба на тротоари со бехатон плочи на улици во Зорле маало, Царина маала како и други маали каде има услови
- Пешачка патека од Карши бавча до м.в.„Аргулица“ со Л=300 м

### 2.3 РАСЧИСТУВАЊЕ НА ДИВИ ДЕПОНИИ

Во текот на 2018 година ќе се продолжи со расчистување на диви депонии, како во градот, така и во населените места во општината и тоа:

- Расчистување на речните корита на: Табачка, Манцева и Кратовска река, расчистување на диви депонии по „Кошарскиот дол„ и на депониите лоцирани во м.в. „Стара Мусала„ и м.в. „Аргулица„ и во други населени места во општината преку организирање на жителите од месните заедници;
- Пошумување на голини во општината каде ќе има потреба за тоа.

Во 2018 година ќе се отпочне и со реализација на ИПА проектот за Подготовка на техничка и тендерска документација за затварање на диви депонии во североисточниот регион финансиран во рамките на ИПА Компонента III- Регионален развој а спроведуван преку Министерството за животна средина и просторно планирање.

## 2.4 УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Во текот на 2018 година ќе се продолжи со активности за подобрување на уличното осветлување како во градот така и во населените места во општината каде има поставено улично осветлување.

Исто така во текот на 2018 година континуирано ќе се продолжи со промена на уличното осветлување во општината со примена на нови поекономични светилки со што би се заштедило во потрошувачката на електричната енергија.

Во текот на 2018 година ќе се направат напори да се постави ново улично осветлување во одредени месни заедници во општината каде ќе дозволат просторните услови, со приоритет во центарот на населените места и маала од збиен тип, каде што ќе се пројави интерес за тоа.

Како туристички град како приоритетно се планира да се изврши осветлување на културно историските споменици во градот и тоа *Чаршиски мост*, *Грофчански мост* и други културно историски спомен обележја во соработка со Националниот конзерваторски центар, односно Управата за заштита на културното наследство при Министерството за култура.

Советот на Единицата на локалната самоуправа на предлог на Градоначалникот, а по предходно мислење од Агенцијата за енергетика донесува Програма за енергетска ефикасност, што се однесува за период од три години.

## 2.5 САНАЦИЈА, РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КУЛТУРНО - ИСТОРИСКИ СПОМЕНИЦИ ВО ГРАДОТ И ДРУГИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА ВО ОПШТИНАТА

Во градот Кратово и другите населени места во текот на годината ќе се настојува да се обезбедат финансиски средства со што ќе се овозможи заштита на објектите и продолжување на нивниот век на траење, при што посебен приоритет ќе се даде на:

Во градот ( мостови, кули, цркви) :

- Обновување на фасадите и објектите во*Ајдучка чаршија*;
- Јокчиски мост
- Грофчански мост
- Чаршиски мост
- Хаџи-Костова кула
- амбиентална Реконструкција на *Амам* во Табачка маала;
- Поставување на часовник (саатен механизам) на *Саат кулата* во градот;
- Радин мост ( замена на оградата со нова ограда);
- Санација на Граматикова куќа

Санација, реконструкција на објекти во селата:

- Реконструкција на црквата *Св.Димитрија* во с.Страцин;
- Реконструкција на црква и манастир во с.Шопско Рударе;
- Реконструкција на црква *Св. Харалампие* во с. Сакулица;
- Реконструкција и санација и на други верски објекти во месните заедници во општината

## 2.6 ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДИ, РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТАРИ ВОДОВОДИ, ПРОШИРУВАЊЕ НА ФИЛТЕР СТАНИЦИ ВО ОПШТИНАТА И ИЗГРАДБА НА НОВА ФИЛТЕР СТАНИЦА

Во текот на годината се планира изградба и реконструкција на водоводи во градот и во населените места во општината и проширување и опремување на филтер станиците во општината, со што ќе се овозможи на населението во градот и населените места да се снабдуваат со чиста и здрава вода за пиење.

Планираните активности ќе бидат насочени кон:

- Изградба на водовод од с. Шопско Рударе до с. Коњух;
- Изградба на нова филтер станица во с. Близанци м.в. „Печеници„;
- Изградба на хидранти во градот Кратово каде има услови за тоа;
- Изградба на резервоар во с. Тополовиќ;

- Изградба на резервоар во с. Приковци кај филтер станицата;
- Изградба на резервоар во Кратово за висока зона и санација на постојниот резервоар во средна зона;
- Изградба на резервоар на *Црн Врв*;
- Реконструкција на секундарната мрежа во градот;
- Реконструкција на *Гоцева чешма* во м.в. *Кисела вода*
- Реконструкција-изградба на водоводи по маалите во месните заедници по нивно барање, давање помош во материјал за поправка на природни извори, кладенци, бунари и слично;
- Реконструкција на водовод во с.Туралево и с.Тополовиќ (има изготвено проект)
- Санација на резервоар во месна заедница во с. Трновац (покривање на резервоарот);

Во колку се укажат и други проблеми во врска со водоснабдувањето во општината ќе се настојува истите благовремено да се решаваат.

## 2.7 ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ГРАДОТ И ДРУГИ НАСЕЛЕНИ МЕСТА ВО ОПШТИНАТА

Во текот на годината се планира да се изградат нови фекални канализации и да се направи реконструкција на стари дотраени фекални канализации, како во градот, така и во населените места во општината.

Во оваа насока планирањата се насочени кон:

- Изградба на современа пречистителната станица за отпадните води од градот;
- Уредување на речните корита во Табачка, Манцева и Кратовска река со поставување на канализациона мрежа за приклучување во главниот колектор;
- Спроведување на канализациона мрежа во ,,Кошарски дол,,;
- Спроведување на канализациона мрежа во населени места во општината кои не се приклучени на градската канализациона мрежа;
- Доизградба на дел од фекална канализација со пречистителна станица во с. Шлегово;
- Изградба на пречистителна станица во с. Живалево;
- Изградба на пречистителна станица во с.Приковци;
- Изградба на пречистителна станица во с.Туралево;
- Изградба на пречистителна станица во с.Страцин;
- Изградба на фекални канализации и во други населени места во општината каде што ќе има потреба и услови за тоа;
- Изградба на фекална канализација по улицата *Цветко Тонев*;
- Изградба на атмосверска канализација по улицата *Гоце Делчев*;
- Изградба на атмосверска канализација по улицата *Атанас Бабата*;
- Изградба на атмосверска канализација на ул*Ѓорѓи Какашевски*-млачки пат;
- Регулација на речното корито на Кратовска,Манцева и Бабакарина река;

## 2.8 ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА КРАТОВО

Со изградба на локални патишта ќе се продолжи и во текот на 2018 година при што активностите ќе бидат насочени кон изградба на следните патни правци:

- Изградба на пат од технички преглед до с. Близанци м.в. *Печеници*;
- Изградба на патот с. Коњух - с. Димонце - с. Пендаќ -с. Руѓинце (Руѓинска кривина);
- Изградба на патот Кратово-с.Горно Кратово-Нежилово;
- Изградба на патот во с. Талашманци;
- Изградба на патот од с.Татомир - с. Кокошиње;
- Изградба на патот во с.Крилатица, м.в* Куковска маала*и *Средна маала*;
- Изградба на патот од с. Близанци до с. Добрево;

- Изградба на патот од с. Луково-Злетовска река, спој со патот за браната Кнежево;
- Изградба на пат с.Мушково-старо Мушково-с.Којково;
- Изградба на пат Брана Кнежево-с. Емирица;
- Изградба на патот од с. Железница-с. Талашманци-с. Крилатица;
- Изградба на патот од с.Крилатица до с. Нежилово;
- Изградба на пат од Црн врв преку Горна Сакулица со спојот на патот кај училиштето;
- Изградба на пат с.Сакулица - до м.в. Три кладенци (тромеѓе на с. Сакулица , с. Стубол и с.Барбарево)
- Изградба на селску улици во с. Секулица до маало Јашковци,Зендревци,Радевска маала и др;
- Изградба, пробивање на маалски патишта во Месните заедници;
- Обезбедување на еластична ограда (браници), за локалните патишта и улици во Кратово;
- Изградба на патен правец од м.в*Вршник*до м.в*Сланушка*с.Шлегово;
- Изградба на пат во с.Железница од постоечки асфалтиран пат до школо во с.Железница;
- Изградба на локален пат с.Страцин-с.Куклица;
- Изградба и пробивање и на други патни правци каде ќе има потреба и услови за тоа;

## 2.9 ИЗГРАДБА И УРЕДУВАЊЕ НА ИГРАЛИШТА ЗА СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ ВО ОПШТИНАТА

